РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 09-257/1
03.02. 2014 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 став (2) точка 10) од Изборниот законик („Сл. весник на РМ" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 41/2011 , 51/2011 и 14/2014), Државната изборна комисија на седницата одржана на ден 31.01.2014 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за важење и применување на обрасци за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија 2014 година

1. Со оваа Одлука се утврдува дека обрасците донесени од Државната изборна комисија објавени во Службен весник на Република Македонија, број 67/2006, 73/2006, 7/2009, 13/2009, 27/2009 и 58/2011, и интернет страницата на Државната изборна комисија, а кои се однесуваат за избор на Претседател на Република Македонија, се во ВАЖНОСТ и ќе се ПРИМЕНУВААТ и за спроведување на претстојните избори за Претседател на Република Македонија 2014 година, и тоа :

1.1. Образец број 1а, Образец за собирање на потписи за предлагање на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници.
1.2. Образец број 1б, Образец за собирање потписи за предлагање на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи.
1.3. Образец број 2а, Листа на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници.
1.4. Образец број 2б, Листа на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи.
1.5. Образец број 3а, Изјава за прифаќање на кандидатура.
1.6. Образец број 5а, Известување за отстранување на неправилности во поднесената листа на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија.
1.7. Образец број 6а, Решение на Државната изборна комисија за потврдување на поднесена листа на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија.

1.8. Образец број 7а, Решение на Државната изборна комисија за отфрлање на поднесена листа на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија.
1.9. Образец број 9, Решение за формирање на избирачки одбор.
1.10. Образец број 9а, Решение за измена и дополнување на решение за формирање на избирачки одбор.
1.11. Образец број 10а, Објава на утврдена единствена листа на кандидати за Претседател на Република Македонија.
1.12. Образец број 11а, Записник од влечење ждрепка за редослед на листите на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија.
1.13. Образец број 13, Записник за предавање на изборен материјал од Државната изборна комисија на општинската изборна комисија.
1.14. Образец број 14а, Записник за предавање на изборниот од општинската изборна комисија на избирачкиот одбор.
1.15. Образец број 15, Записник за утврдената состојба на просторијата за гласање, изборниот материјал и гласачките кутии од избирачкиот одбор.
1.16. Образец број 18а, Посебен записник од гласањето по листа на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија, за избирачите на издржување на казна затвор или во притвор во Казнено поправен дом.
1.17. Образец број 19а, Посебен записник од гласањето по листа на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија за избирачите за избирачите со статус внатрешно раселени лица.
1.18. Образец број 20а, Записник за предавање на записникот за гласање и другиот изборен материјал од избирачкиот одбор на Општинската изборна комисија од гласањето за избор на Претседател на Република Македонија.
1.19. Образец број 22а , Записник за предавање на записниците за гласање и другиот изборен материјал од Општинската изборна комисија на Државната изборна комисија од гласањето за избор на Претседател на Република Македонија.
1.20. Образец број 23, Решение за поништување на гласањето на гласачко место.
1.21. Образец број 23а, Приговор за постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултати.
1.22. Образец број 23б, Приговор за заштита на избирачко право на избирач.
1.23. Образец број 24, Решение за повторување на гласањето на гласачко место.
1.24. Образец број 29, Барање за запишување на, дополнување или бришење на податоците во посебните изводи од Избирачкиот список:.

2. Во обрасците од точка 1 на оваа одлука, се вршат следните измени и дополнувања:

2.1. Во обрасците број 1а, 1б, 2а , 2б и 3а, зборот „професија“ се брише.
2.2. Во образецот број 1б, на крајот се додава текст „кандидат за Претседател на Република Македонија и празно место за името и презимето на кандидатот за кои се собираат потписи“ што се пополнува на секоја од страниците на кои се собираат потписи.

2.3. Во образецот број 1б, На крајот од образецот, зборовите „надлежниот државен орган за водење на избирачкиот список“ се заменуваат со зборовите “службеното лице на ДИК “.

2.4. Во образецот број 2б. во деловите „Назив на листата“ и „Подносител на листата“ после зборовите „најмалку 30 пратеници „ се додава празно место и презимето на кандидатот.

2.5. Во образецот број 2а. во деловите „Назив на листата“ и „Подносител на листата“ зборовите „почетните букви од името и презимето на подносителот на листата“ се бришат“ и се додава текст „Група избирачи – „ како и празно место за името и презимето на кандидатот.

2.6. Во обрасците број 5а, 6а, 7а, и 10а, зборовите „заменик претседател“ се заменуваат со зборот „потпретседател“.

2.7. Во образецот број 13, 14а, 20а и 22а, зборовите УВ-лампа, и зборот „графитно“ се бришат, додека зборовите „УВ спреј“ се заменува со зборовите„ Видливо мастило за обележување на гласачи).

3. Државната изборна комисија ќе изготви пречистен текст на сите горе наведени обрасци и истите ќе ги објави на интернет страницата на Комисијата, http://www.sec.mk.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

НИКОЛА ВЛКОСКИ